# "BAT" ДАТОТЕКИ (5)

Огнен Плавевски

**COUTNLNS.BAT**

COUTNLNS.BAT ги брои линиите во датотеки што содржат текст.

```
@ECHO OFF
REM OVA E COUNTLNS.BAT
IF %1!==! GOTO OOPS
ECHO BROJAM LINII VO
FIND /C /C "!@#$" %1
GOTO END
:OOPS
ECHO VNESI IME NA DATOTEKATA VO KOJA TREBA DA SE
IZBROI BROJOT NA LINII PO %0
:END
```

**FINDTEXT.BAT**

FINDTEXT.BAT ќе бара во тековниот именик текст што вие ќе го наведете, и ќе ја прикаже секоја линија на секоја датотека (како и бројот на линијата) што го содржи бараниот текст.

Исто така, FINDTEXT.BAT дозволува и користење на џокер знаци за да се забрза барањето. Така, на пример, FINDTEXT Rodenden *.TXT ќе го бара текстот "Rodenden" само со датотеки во *.TXT екстензија.

```
@ECHO OFF
REM OVA E FINDTEXT.BAT
SET FLS=*.*
IF %1!==! GOTO OOPS
IF %2!==! GOTO START
SET FLS=%2
:START
ECHO Baram tekst '%1' . . .
FOR %%A IN (%FLS%) DO FIND /N "%1" %%A
GOTO END
:OOPS
ECHO VNESI GO TEKSTOT SHTO TREBA DA BIDE NAJ-
DEN PO %0
:END
SET FLS=
```

**SHORTCUT.BAT**

SHORTCUT.BAT е брз начин да влезете во некој подименик кој често го користите. Така на пример, ако името именик со име \FINANCE\LOTUS\DANOK\1995\PETAR и сакате да бидете во состојба да влезете во него само со отчукување на зборот PETAR, отидете во тој именик и отчукајте SHORTCUT PETAR.

Еднаш откога сте го сториле ова ќе бидете во состојба да влезете во овој именик само ако отчукате PETAR во DOS промт. Се разбира, за да работи како треба, погрижете се именикот \BATCH да се наоѓа во PATH наредбата во вашиот AUTOEXEC.BAT

```
@ECHO OFF
REM Ova e SHORTCUT.BAT
IF %1!==! GOTO OOPS
IF EXITS \BATCH\*.* GOTO START
MD \BATCH
:START
SET OP=%PROMPT%
ECHO PROMPT CD $P > T1.BAT
COMMAND /C T1 > T2.BAT
ECHO @ECHO OFF > \BATCH\%1.BAT
FIND /V "$" T2.BAT | FIND /V "-" >> \BATCH\%1.BAT
PROMPT=%OP%
DEL T?.BAT
ECHO Sega kje bidete vo sostojba da otchukate %1 vo DOS prompt
ECHO za vednash da se prefrlite vo ovoj imenik
GOTO END
:OOPS
ECHO Da napravite skratena komanda koja bi vi dozvolila za mig da
ECHO se prefrlite vo ovoj imenik od bilo koj drug, vnesete skrateno
ECHO ime od osum ili pomalku karakteri po %0 .
:END
```

**OBLIVION.BAT**

OBLIVION.BAT ги брише имениците без да ве праша дали сте сигурни дека сакате да го сторите тоа. Користете го многу внимателно. Употребувајте го само ако имате Norton Utilities или некој згодна Unerase програма при рака.

```
@ECHO OFF
REM Ova e OBLIVION.BAT
REM Brishe celi imenici bez nikakvi prashanja. Bidete vnimatelni!
IF %1!==! GOTO OOPS
ECHO Y | DEL %1
RD %1
ECHO %1 e izbrishan
GOTO END
:OOPS
ECHO Vnesi ime na imenik za brishenje po %0. Bidete vnimatelni!
:END
```

***(продолжува)***